РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2591/2
05-01-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – ---------------------- од -------------, на продолжението на 45-тата седница одржано на 30.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од познат подносител - ------------------ од --------------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2591/1 од 29.07.2020 година, во која се укажува на сомневања за коруптивни дејствија преземени од ------------------ -------------------------, адвокатско друштво ------------------------- и други институции во случај на сообраќајна несреќа, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за надлежно постапување по предметот со број 12-2591/1 од 29.07.2020 година.

Предметот со број 12-2591/1 од 29.07.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2591/1 од 29.07.2020 година е оформен по пријава бр. 12-2591/1 од 29.07.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител - -------------- ------------ од Кичево.

Во пријавата се изнесени наводи за поврзаност помеѓу ----------------------------------------------- и адвокатско друштво -------------------------, како и оштетениот во сообраќајна незгода -------------------- ------- (сега починат), а според подносителот лице познато како намерен учесник во сообраќајни незгоди се со цел остварување на материјална корист, во спрега со адвокатското друштво и -------------------------- ----------------------------------------.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имено, во 2013 година внукот на подносителот со негово регистрирано возило предизвикал сообраќајна незгода во која бил повреден пешак - ----------------------------------, кој како оштетен го ангажирал горенаведеното адвокатско друштво за да го застапува во постапка за надомест на штета причинета во сообраќајната незгода пред Основен суд Скопје 2 Скопје. Оштетениот предјавил парично побарување према ----------------------------------------------, затоа што сметале дека возилото е нерегистрирано. Основниот суд во Скопје делумно го уважил тужбеното барање. За овие настани подносителот на оваа пријава како сопственик на возилото со кое е извршена сообраќајната незгода тврди дека не бил известен воопшто од никого – Бирото, судот или внукот. Во 2017 година, подносителот примил тужба од -------------------------------- ----------------- со која се бара солидарно да го надомести досудениот износ за надомест на штета. Иако, како што наведува, подносителот во текот на судската постапка се обидувал да докаже дека возилото било регистрирано и дека не бил запонзаен со текот на настаните, Основниот суд во Кичево го усвоил тужбеното барање на ------------------------------------------------------, а Апелациониот суд во Гостивар ја потврдил пресудата. Во моментот на поднесување на оваа пријава во тек е постапка по ревизија вложена до Врховниот суд на Република Северна Македонија.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг орган, по што оцени дека Државната комисија нема основ за надлежно постапување по овој предмет.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно членот 22 и членот 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**